ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ВО 2017 ГОДИНА

СОДРЖИНА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ВО 2016 ГОДИНА

ЛЕГИСЛАТИВА, БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ.....2

БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ.....4

АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ.....5

ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ.....6

ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ.....7

ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ.....9

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР.....10

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА.....11

ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ.....14

УЧЕСТВО ВО РАБОТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ.....15

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА.....15

РЕЗИМЕ.....17

Врз основа на член 62 став 3 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 09/2004, 113/2007, 145/2010, 80/2012 и 41/2014) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ВО 2017 ГОДИНА

ЛЕГИСЛАТИВА, БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Легислатива

Во последниот квартал на 2017 година, претставници на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации учествуваа во работата на Работната група за изготвување и следење на имплементацијата на планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеењето на правото во врска со следењето на комуникациите заради измени во Законот за класифицирани информации.

Согласно препораките од групата високи експерти за системски прашања за владеењето на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите, а во точката 3. од Нацрт-Планот за реализација на препораките која се однесува на Правната рамка за воспоставување на националниот модел за надминување на констатираните недостатоци во областа на следење на комуникациите, предвидена беше и измената и дополнувањето на Законот за класифицирани информации.

Имено, во однос на препораките поврзани со собранискиот надзор, беше наведено дека „Потребата за безбедносен сертификат не смее да се користи како причина за одложување на работата на комисиите и процесот на издавање на безбедносен сертификат треба да се забрза за да се овозможи истото“.

Од тие причини, направено е дополнување на членот 51 од Законот за класифицирани информации, (поврзан со роковите за издавање на безбедносен сертификат, односно рокот за безбедносни проверки).

Предлогот на закон за дополнување на Законот за класифицирани информации произлегува од Планот за реализација на препораките на групата

високи експерти за системски прашања од владеењето на правото во врска со следењето на комуникациите (2015), со што ќе се овозможи постапката за безбедносна проверка од трет степен за лицата назначени во надзорните тела кои вршат надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, како и за ангажираните акредитирани национални и меѓународни технички експерти од тие тела, согласно Законот за следење на комуникациите, да трае еден месец од денот на поднесување на барањето.

Со овој Предлог на закон се предвидува и безбедносна проверка од втор степен за лицата пред засновање на работен однос во Оперативно – техничката агенција, согласно Законот за Оперативно – техничка агенција, да трае еден месец од денот на поднесувањето на барањето.

Предлогот на закон за дополнување на Законот за класифицирани информации се заснова на истите начела на кои е заснован и Законот за класифицирани информации.

Исто така во пакетот закони што што се донесоа или изменија и дополнија согласно препораките на Работната група за изготвување и следење на имплементацијата на планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеењето на правото во врска со следењето на комуникациите, за Дирекцијата се предвидени нови задолженија во рамките на надлежностите како дел од надзорните тела за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Безбедносна организација

Во 2017 година, Дирекцијата продолжи со активностите за обезбедување на безбедносни стандарди за ракување со класифицирани информации во државните и приватни ентитети, а особено во мрежата на регистри и контролни точки закласифицирани информации на Дирекцијата. Воедно, редовно се ажурираше листата на овластени лица како клучен персонал за одржливост, спроведување и надзор на безбедносните политики за работа со класифицирани информации во секоја од релевантните институциите каде се ракува, циркулираат и се чуваат класифицирани информации.

Човечки ресурси

Во 2017 година Одделението за управување и развој со човечки ресурси, пред сè, ги внесе основните податоци за вработените во Дирекцијата во системот на HRMIS.

Одделението за управување и развој со човечки ресурси, во рамките на своите надлежности во текот на 2017 година, како важен сегмент во работењето на Дирекцијата, ги издвојува активностите поврзани со изработка на Годишен план за вработување, Годишен план за обуки на АС во Дирекцијата, според обврските од Законот за административни службеници, и во врска со тоа водење

евиденција, прибирање и комплетирање податоци од целосниот материјал од посетените обуки, правење полугодишни извештаи за реализирани генерички обуки и номинирање на вработените за учество на обуки. Изработен е и План за годишните одмори на вработените, според кој се изработуваа решенија, како и други решенија за потребите а во согласност со законските прописи. Во тој контекст, треба да се спомнат и активностите поврзани со користење на апликациите за Микроучење и СУУ, што се одвиваа во соработка со Секторот за информатичка и за физичка безбедност. Вработените во Дирекцијата одржаа и серија обуки за овластените лица за ракување и чување на класифицирани информации во државни органи и институции коишто работат со класифицирани информации.

Според Законот за административни службеници, во 2017 година со полугодишните интервјуа во месец мај се започна процесот за оценување на ефектот на административните службеници, во Дирекцијата, што се заокружи кон крајот на годината, при што беа опфатени и целосно реализирани сите чекори на истиот.

БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА КОРИСНИЦИ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2017 година планираните активности согласно Годишниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации од доменот на безбедност на лица корисници на класифицирани информации беа спроведени согласно планираната динамика. Во континуитет се спроведуваа процедурите за издавање национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати во соработка со безбедносните служби надлежни за вршење на безбедносните проверки и активности сврзани со обука на корисниците на класифицирани информации и контрола на условите во овој домен на безбедноста на класифицираните информации.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации по поднесени барања за издавање безбедносни сертификати изработи: 3404 барања за оперативна безбедносна проверка; 2838 национални, 522 НАТО и ЕУ безбедносни сертификати; 463 изводи од НАТО и ЕУ безбедносни сертификати. Вкупниот број на важечки национални безбедносни сертификати на 31.12.2017 година изнесува 20432. Додека вкупниот број на важечки безбедносни сертификати на 31.12.2017 година за НАТО е 2114 , а за ЕУ е 1088.

Исто така, во Дирекцијата беа изработени и 45 решенија за одбивање на барањата за издавање безбедносни сертификати, 1 решение за престанок на важноста на безбедносниот сертификат.

Воедно, беше извршена ревизија на издадените безбедносни сертификати чиј рок на важење истекува во 2017 година.

Во текот на 2017 година во континуитет се спроведуваат подготвителни безбедносни брифинзи со лицата кои беа упатувани на работа во ДКП на Република Македонија.

Споредено со податоците од 2016 година се констатира дека бројот на поднесени барања за издавање безбедносен сертификат е намален за 11.88 % .

Бројот на поднесените барања за издавање безбедносни сертификати е успешно совладан со постоечкиот број на вработени иако тој е недоволен и останува потребата од кадровско пополнување на Одделението.

АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ, РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СТРАНСКИ КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2017 година, работата во одделението за странски класифицирани информации се одвиваше според воспоставените процедури за прием, обработка, дисеминација, дистрибуција, архивирање и чување на класифицираните информации. Динамиката на извршување на работните задачи беше во вообичаената рамка на целосна имплементација на постојните законски и подзаконски акти за безбедност на класифицирани информации. И во текот на 2017 година, одделението за странски класифицирани информации како единствена точка за влез и излез на странски класифицирани информации успешно одговори на предвидените активности за заштита на класифицираните информации координирајќи ја работата на воспоставениот систем на регистри и контролни точки. Со тоа, констатирано е дека задачите се завршени професионално и ефикасно во насока на навремена доставување на класифицираните и не класифицирани материјали до крајните корисници. Исто така, и во 2017 година, одделението за странски класифицирани информации, со помош на својот обучен персонал, продолжи со обуката, давањето стручна помош, мислења и експертиза на државни органи и приватни ентитети, но и на домашни и странски претставници за правилно користење и ракување со класифицирани информации. Водејќи грижа за човечките ресурси, во 2017 година, одделението за странски класифицирани информации во континуитет продолжи со обуката на својот персонал .

Следејќи ја динамиката на прием на странски класифицирани информации од претходните години, одделението за странски класифицирани информации во 2017 година повторно регистрираше намален интензитет на примени и обработени странски класифицирани информации во однос на извештајната 2016 година.

Според евиденцијата на одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата, во 2017 година примени се вкупно 1018 (во 2016- 1515) НАТО документи („Строго доверливо“ – 588 (767 во 2016) „Доверливо“-297 (604 во 2016 година), „Интерно“- 123 (143 во 2016) и 10 (1 во 2016) НАТО некласифицирани документи).

Од направената паралела на добиени НАТО класифицирани информации со 2016 година се забележува намалување на бројот на примените класифицирани информации. Вкупно гледано во 2017 година примени се 497 документи помалку од 2016 година или процентуално изразено 67%.

Во текот на годината, во Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата примени се вкупно 94 (90 во 2016 година) ЕУ класифицирани/некласифицирани документи, од кои, 29 (37 во 2016 година) со степен „Доверливо", 64 (53 во 2016 година) со степен „Интерно" и 1 некласифициран (во 2016-0) при што е евидентиран зголемен прилив на документи за 4.

Кумулативниот збир на добиени странски НАТО и ЕУ класифицирани/некласифицирани документи во 2017 година изнесува 1112 (1605 во 2016 година) или добиени се 493 документи помалку во однос на 2016 година. Тоа подразбира дека севкупно за 69% е намален приливот на странски документи во однос на претходната извештајна 2016 година.

Во однос на националните класифицирани информации, бројот на обработени национални документи во Одделението за странски класифицирани информации на Дирекцијата во 2017 година изнесува вкупно 345 (во 2016 - 601) или за 57,4 % помалку примени-обработени национални документи за 2017 година во однос на 2016 година.

Од нив на НАТО се однесуваат вкупно 242 (470 во 2016 година) или 51,4 % помалку документи, додека вкупниот број на националните документи што се однесуваат на ЕУ е 103 (во 2016 година 131) или 12.7 % помалку обработени национални документи во однос на 2016.

Компарирајќи ја сумата на национални класифицирани/ некласифицирани документи од оваа извештајна година со сумата од претходната 2016 година, се забележува тренд на опаѓање на примени-обработени национални документи.

ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Во текот на 2017 година работата на Одделението за физичката безбедност беше насочено кон задржување на веќе воспоставените стандарди за ракување и чување на класифицираните информации. Во таа насока одделението за физичка безбедност ги обнови дел од интерните акти, кои ја подобрија работата на одделението и го подигнаа нивото на безбедност во Дирекцијата. Имено во текот на 2017 година беше донесено Упатството за процесот на менаџирање на ризикот за физичка безбедност.

Исто така, во Дирекцијата интензивно се работеше во насока на целосно исполнување и подигање на стандардите за физичка безбедност во согласност со измените на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и директивите за физичка

безбедност. Во тие рамки беше вршена редовна проверка и одржување на системот за електронско обезбедување, како и редовно и вонредно сервисирање на безбедносната опрема во Дирекцијата. Во делот на исполнување на минималните стандарди за физичка безбедност одредени забелешки беа дадени на регистарот за странски класифицирани информации во Министерството за надворешни работи, за кои веќе се превземени активности за нивно отстранување.

Во текот на 2017 година, во Дирекцијата во континуитет пристигаа барања од страна на државни органи и други правни лица за утврдување на условите за физичка безбедност во организационите единици и точки каде што се ракува со класифицирани информации, при што беа преземани активности за контрола на условите и давање стручно мислење за исполнетоста на минималните стандарди за физичка безбедност на класифицираните информации. Претставници од Дирекцијата, исто така, учествуваа во меѓуинституционални активности со стручна и експертска помош за воспоставување стандарди за физичка безбедност и набавка на опрема од овој домен на безбедноста.

Одделението за физичка безбедност, согласно законските прописи и интерните акти на Дирекцијата, ја помага работата на Одделението за инспекциски надзор и на Одделението за индустриска безбедност, при што асистира во спроведувањето на безбедносната политика за заштита на националните и странските класифицирани информации. Не смее да се занемари и улогата на Одделението за физичка безбедност како дел од тимот за акредитација на комуникациско информатички системи.

Одделението активно учествуваше во разни работилници, консултации и други активности поврзани со работата за заштита на класифицираните информации. Потребно е да се нагласи учеството на претставници од одделението на годишните брифинзи со овластените лица во државните органи и приватните компании.

ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

Тежиштето на активностите на Дирекцијата во доменот на информатичката безбедност во 2017 година беше ставено врз интензивирање на работата на воспоставените помошни авторитети за информатичка безбедност, Националното тело за акредитација (NAA) и Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA), како и на активностите за обезбедување на услови за набавка на сертифицирана криптографска опрема за размена на класифицирани информации до степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО“ и соодветна ТЕМПЕСТ опрема за зонирање на објекти каде што се процесираат класифицирани информации, којашто се потврдува во континуитет, заради сè поголемиот прилив на класифицирани информации од НАТО и ЕУ со повисок степен на класификација за што зборуваат и статистиките за примени класифицирани информации во

Централниот регистар на Дирекцијата, а се со цел обезбедување соодветно ниво на безбедност за нивно чување и ракување со истите.

Заради ажурирање на легислативата сврзана со криптозаштитата во Република Македонија и усогласување на истата со позитивните прописи на НАТО и ЕУ, Дирекцијата отпочна иницијатива за измени на текстот на постојната и застарена Уредба за криптозаштитата. Во рамките на таквата иницијатива беа остварени работни средби со сите носители на националните системи за криптозаштита, при што е договорено во текот на 2018 година Дирекцијата како носител на работната активност да организира серија на работни средби за доуредување на предлог текстот за новата уредба за криптозаштита и паралелно со измените на Законот за класифицирани информации би се доуредила оваа сензитивна област. Во поглед на олеснување на изработка на документација за безбедносна акредитација на КИС, Дирекцијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Македонија изработи Методологија за изработка на процена на ризик за информатичка безбедност. Во рамките на овој проект беше одржана и работилница кадешто беше презентирана Методологијата. Ова ќе придонесе во поедноставување на процесот за изработка на процена на ризик, како и негово менаџирање на корисниците на класифицирани информации.

Во рамките на иницијативата на Дирекцијата за безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи во државните органи низ кои се процесираат национални класифицирани информации, Националното тело за акредитација (NAA), коешто функционира во рамките на Дирекцијата, во текот на 2017 година презема активности за финализирање на процесот на безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи на Царинската управа на Република Македонија и Секретаријатот за законодавство за пренос на класифицирани информации. Исто така се отпочна безбедносна акредитација на комуникациско-информатичкиот систем за пренос на класифицирани информации во Народна банка на Република Македонија и Генералштабот на Република Македонија, а со Министерството за внатрешни работи беше договорено работни тимови да работат на безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи за пренос на класифицирани информации во нивната институција. Во рамки на процесот на безбедносна акредитација на системот за пренос на класифицирани информации во Народна банка на Република Македонија, во декември месец, со помош на ТЕМПЕСТ тимот од Националниот безбедносен авторитет на Босна и Херцеговина беше извршено ТЕМПЕСТ мерења и зонирање на нивните простории кадешто се ракува со класифицирани информации во електронска форма.

Во текот на 2017 година Дирекцијата, како авторитет задолжен за спроведување на безбедносната политика на НАТО/ЕУ, ја остваруваше редовната обврска на одржување и уредност на криптографијата на постојните системи за размена на класифицирани информации во Дирекцијата и во мрежата на регистрите за странски класифицирани информации во останатите институции, согласно регулативите на НАТО/ЕУ. Во таа насока, по препорака на инспекцискиот тим при Канцеларијата за безбедност на НАТО, Одделението за

информатичка безбедност и комуникациско-информатичка поддршка започна процес за надградба на регистарскиот систем за процесирање на НАТО класифицирани информации. Со овој процес се унапреди целокупниот систем за размена на НАТО класифицирани информации, со што ќе се зголеми безбедноста на самите класифицирани информации, а во исто време ќе се зголеми и брзината на размена на истите.

Националното тело за безбедност на комуникациите (NCSA), ја остваруваше својата улога на надзор врз безбедноста на комуникациите на системите на поединечни државни органи за размена на класифицирани информации со странски субјекти и спроведување на договорените процедури.

Активната улога на Дирекцијата во одржувањето и развојот на информатичката безбедност во Република Македонија и во 2017 се остваруваше преку давање на континуирана стручна помош и мислење во изработка на стручни решенија и донесување на акти сврзани со оваа материја.

Со цел следење и унапредување на безбедносната политика на НАТО и ЕУ во областа на сајбер безбедноста, претставници од Дирекцијата земаа учество на неколку важни конференции, работилници и обуки. Овие настани придонесоа за зголемување на човечките капацитети на вработените во секторот, како и нови иницијативи за унапредување на информатичката безбедност во рамките на Дирекцијата.

Секторот за информатичка безбедност интензивно работеше во насока на целосно исполнување и подигање на стандардите за информатичка безбедност во согласност со измените на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и директивите за информатичка безбедност. Во тие рамки беше вршена редовна проверка, одржување и ажурирање на комуникациско-информатичките системи во Дирекцијата, како и редовно и вонредно сервисирање на опремата. Надградба на системите со нови сервиси и пософистицирани средства се предвидува со следната буџетска година.

ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Во 2017 година, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации продолжи со своите активности кон унапредување на работата на полето на индустриската безбедност на класифицирани информации. Во текот на годината, во Дирекцијата пристигнаа 13 барања од домашни и странски компании и други правни лица со барања за издавање национални безбедносни сертификати за 52 физички и 3 правни лица.

Врз основа на поднесените барања до 31.12.2017 година, Дирекцијата изработи 30 национални и 19 НАТО безбедносни сертификати за физички лица, како и дозволи за пристап до класифицирани информации на Република Македонија за 1 странско физичко лице. Во споредба со 2016 година, бројот на

барањата за издавање безбедносни сертификати и дозволи за пристап за домашни и странски правни лица е намален.

Покрај редовната процедура за издавање безбедносни сертификати и дозволи за пристап на физички и правни лица од домашни и странски компании кои учествуваат во класифицирани договори или тендери, Дирекцијата вршеше консултативна и експертска улога во постапки сврзани со безбедноста на класифицираните информации со домашни и странски компании кои учествуваат во класифицирани договори или тендери.

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

За вршење инспекциски надзор во државните органи и органите на државна управа, правосудните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации и други правни и физички лица, во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации), во Секторот за општи и правни работи Одделението за инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации.

Согласно Законот за инспекциски надзор, Одделението за инспекциски надзор ги вршеше своите работи и задачи по донесената и усвоена Годишна програма за работа на инспекторите за класифицирани информации за 2017 година, во која се утврдуваат постапката за вршење инспекциски надзор врз заштитата на националните и на странските класифицирани информации во Република Македонија, критериумите за вршење инспекциски надзор и субјектите коишто ќе бидат предмет на инспекцискиот надзор во тековната година година.

Со оглед на фактот дека Одделението за инспекциски надзор во 2017 година за прв пат беше во целост оперативно, реализацијата на Програмата овозможи на терен да се потврдат дефинираните надлежности на инспекторите за класифицирани информации, мисијата, визијата, потврдување на основите за подготовка на програмата, субјектите и целите на инспекцискиот надзор, идентификација и утврдување на ризикот, точките изложени на ризик, постапката и критериумите за вршење инспекциски надзор, кварталните и месечните планови за инспекциски надзор и процедурите за следење и оценување на реализацијата на инспекцискиот надзор.

Во текот на 2017 година, реализирани се 63 редовни и контролни надзори врз спроведувањето на утврдената политика за заштита на националните класифицирани информации и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Македонија, заради нивно законито користење и оневозможување на секаков вид незаконски пристап, надзор врз спроведувањето на утврдените безбедносни стандарди и критериуми за заштита

на националните и странските класифицирани информации, евидентирање на капацитетите за заштита на класифицирани информации кај субјектите кои се предмет на инспекциски надзор, како и изрекување инспекциски мерки и санкции заради отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи во заштитата на класифицираните информации.

Наодите од инспекциските надзори се од исклучителна важност во анализата на состојбите и претставуваат една од основните алатки во изградбата на ефикасен и одржлив систем за заштита на националните и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Македонија, негово постојано унапредување, воспоставување високо ниво на безбедносна култура и на капацитети за заштита на класифицирани информации кај субјектите предмет на инспекциски надзор и воспоставување и континуирано унапредување на систем за заштита на класифицирани информации.

Согласно анализата на состојбите од наодите од инспекцискиот надзор, Дирекцијата ги гради своите краткорочни и долгорочни политики во заштитата на класифицираните информации, пред сè кај институциите - големи корисници на класифицирани информации, но исто така и во приватниот сектор.

Во однос на инспекциите коишто се спроведуваат од страна на Канцеларијата за безбедност на НАТО (NOS) и Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ, во однос на заштитата на НАТО/ЕУ класифицираните информации отстапени на Република Македонија, во март 2017 година, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации беше предмет на инспекциски надзор од страна на Канцеларијата за безбедност на НАТО. Инспекцијата се одвиваше по претходно утврдена програма, во која инспекторите на NOS, ги контролираат условите за работа со НАТО, класифицираните информации низ мрежата на регистарскиот систем воспоставен во Република Македонија. Според вообичаената пракса, по извршената инспекција следеше Извештај за истата, по кој се постапи во определениот рок. Во целост, Извештајот е позитивен, и во истиот се дадени препораки за дефинирање на авторитетите за информатичка безбедност, што секако е предвидено да се реализира во текот на 2018 година со измените на Законот за класифицирани информации и донесувањето на новата Уредба за криптозаштита во Република Македонија.

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2017 година Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации реализираше повеќе активности коишто вклучуваа непосредна соработка со националните безбедносни авторитети на земјите од регионот и на земји членки на НАТО и на ЕУ, како и соработка со меѓународни институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Македонија.

Во тој контекст, во текот на годината беше реализирано учество во неколку регионални и меѓународни настани од доменот на заштитата на класифицираните информации. Врзано за регионалната соработка, акцентот на активностите на Дирекцијата беше ставен на учеството на Седмата конференција на SEENSA (форум на националните безбедносни авторитети на земјите од југоисточна Европа) што се одржа на почетокот на октомври 2017 година во Белград, Србија, како и на учеството во активности во рамките на 6S иницијативата за соработка меѓу националните безбедносни авторитети на шест поранешни југословенски републики. Така, во мај 2017 година претставници на Дирекцијата учествуваа на работилница од доменот на индустриската безбедност што се одржа во Центарот за безбедносна соработка RACVIAC во Хрватска, а во октомври 2017 година на директорскиот состанок во Белград, Србија.

Во меѓународен контекст, во рамките на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) во којашто Дирекцијата има статус на набљудувач, во февруари 2017 година во Отава, Канада, беше реализирано учество на работниот состанок на ad-hoc работната група за Странска сопственост, контрола или влијание (Foreign Ownership, Control or Influence – FOCI), додека во септември 2017 година беше реализирано учество на годишната конференција на MISWG што се одржа во Гент, Белгија.

Во врска со склучувањето билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на владино ниво, во март 2017 година беше реализирана возвратна посета на Луксембург на директорско ниво. За време на посетата беше усогласен текстот на билатералната спогодба, којашто во текот на втората половина од годината влезе во интерна процедура на одобрување.

Како резултат на добиените известувања од Австрија дека интерната процедура за одобрување на текстот на спогодбата во земјата сè уште не е завршена, потпишувањето на спогодбата повторно е одложено за наредната година.

Во врска со новите иницијативи за влегување во договорна соработка во доменот на размената и заштитата на класифицирани информации со други држави, во првата половина од 2017 година беа остварени контакти со надлежната служба на Израел со цел усогласување на текстот на спогодба што ќе послужи како основа за билатерални преговори. Во ноември 2017 беше остварена средба на директорско ниво со надлежниот авторитет на Кралството Белгија на којашто беше договорено наскоро да започне процедурата за усогласување на текстот на билатералната спогодба. Иницијативите за соработка со други држави, вклучувајќи ги Црна Гора и Португалија, беа одложени за наредната година како последица на потребата за претходно утврдување на новиот состав на владината делегација што резултира од кадровските промени во надлежните институции.

Во текот на извештајниот период, по укажана потреба и искажан интерес беа одржувани контакти со НБА на земјите со коишто Република Македонија има склучено, е во фаза на склучување билатерална спогодба или има покренато иницијатива за склучување спогодба за размена и заемна заштита на класифицирани информации заради остварување соработка. Во тој контекст, во текот на годината беше одржувана редовна комуникација со НБА на Словенија заради иницијативата за започнување проект за билатерална техничка помош со словенечкото Министерство за надворешни работи, додека со НБА на Босна и Херцеговина во декември 2017 година беше реализирана соработка во доменот на информатичката безбедност. Воедно, контакти со сродните служби на земји од регионот и пошироко беа остварувани и по основ на доставени барања за спроведување безбедносна проверка за лица што поднеле барање за издавање безбедносен сертификат, како и по основ на организирање студиските посети во тие земји, поддржани од TAIEX инструментот на Европската комисија.

Во контекст на соработката со меѓународните институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Македонија, во текот на 2017 година Дирекцијата остваруваше соработка со службите на НАТО и на ЕУ во врска со учеството во програми за НАТО/ЕУ обуки. Индиректно, преку националните координатори на програмите за приближување кон НАТО и кон ЕУ, Дирекцијата соработуваше со надлежните служби на НАТО и на ЕУ и во контекст на изработката на националните програми и планови за работа. Притоа, согласно своите надлежности учествуваше во изработката на Годишната национална програма за членство во НАТО (ГНПЧ) и на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

Врзано за соработката со НАТО Канцеларијата за безбедност, во март 2017 година беа спроведени активности за реализација на инспекциската посета од Брисел.

Во текот на годината продолжи соработката со Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје. Притоа, во мај 2017 година беше организирана работилница за презентација на проектот за „Методологија за изработка на процена на ризик за информатичка безбедност методологија за проценка на безбедносниот ризик“, а во втората половина од годината беа остварени повеќе работни средби во насока на имплементација на последната фаза од проектот и со цел утврдување на нови сфери на соработка. Тоа особено се однесува на можностите за спроведување обука на вработени од Дирекцијата во доменот на информатичката и сајбер безбедноста, како и на иницијативата за отпочнување заедничка соработка во доменот на владеење на правото, во контекст на изработување компаративна и аналитичка процена на Законот за класифицирани информации.

ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во согласност со своите законски обврски и надлежности, во 2017 година Дирекцијата континуирано ги спроведуваше активностите за обука и давање стручна помош на корисниците на класифицирани информации од сите аспекти на безбедноста на класифицираните информации. Обуките беа организирани во согласност со планот за работа, по барање на корисниците на класифицирани информации или по утврдена потреба од страна на Дирекцијата.

Вработените во Дирекцијата во текот на 2017 година по утврдената потреба и на барање на државните органи и другите институции и правни лица за обука и стручно мислење одржаа бројни стручно-консултативни состаноци и брифинзи на коишто беа давани насоки за правилна примена на националната законска регулатива за класифицирани информации. Во континуитет, според динамиката на Министерството за надворешни работи, се вршеа брифинзи со лица од МНР во подготовки за заминување во ДКП на Република Македонија и воена дипломатија.

Во последниот квартал од годината, во Дирекцијата беше одржана серија на брифинзи со овластените лица за спроведување на Законот за класифицирани информации во државните органи и институции, јавни и приватни правни лица, со цел запознавање со нивната содржина и со новите трендови во безбедносната политика за работа со класифицирани информации.

Покрај држењето обуки за корисниците на класифицирани информации, во текот на 2017 година претставници на Дирекцијата земаа учество и на семинари и курсеви организирани во земјата и во странство со цел усовршување на знаењата и стручна надградба. Во земјата, најбројни беа учествата на обуки и работилници за административни службеници во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, како и обуките што ги организираа други државни органи.

Во рамките на Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) за земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација за 2017 година, во септември 2017 година во Брисел претставник од Дирекцијата учествуваше на обука за ЗБОП. Обуката беше организирана од страна на Европскиот колеџ за одбрана и Министерството за одбрана и спорт на Република Австрија, а беше поддржана од TAIEX инструментот на Европската комисија. Исто така, во септември 2017 година беше реализирано и учество на Високата алумни конференција за ЗБОП што се одржа во Подгорица, Црна Гора.

Во контекст на активностите што беа поддржани од TAIEX инструментот, во 2017 година беа реализирани две TAIEX активности, една работилница во Скопје и една студиска посета на Бугарија. Во текот на годината беа изработени два пакети на апликации за TAIEX активности, од коишто беа одобрени вкупно шест настани за реализација во текот на наредната година, и тоа една работилница, една експертска мисија и четири студиски посети.

Во текот на 2017 година, во координација со Министерството за одбрана, претставници на Дирекцијата посетуваа обуки и во рамките на Индивидуалната програма за партнерство и соработка (IPCP), вклучувајќи ја и програмата на НАТО школата во Оберамергау. Воедно, во текот на годината продолжи и соработката со Канцеларијата за соработка во одбраната (ODC) на Американската амбасада во Скопје во врска со обуките во Маршал центарот во Гармиш.

УЧЕСТВО ВО РАБОТА НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНИ ТЕЛА И ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ

Како резултат на примената на Законот за класифицирани информации и востановувањето и одржувањето на стандардите од оваа област во администрација и засегнатите приватни компании, во текот на извештајниот период Дирекцијата учествуваше во работата на повеќе меѓуинституционални тела и работни групи.

Како носител на дел од Акциониот план за членство во НАТО во делот на безбедносната политика, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2017 година имаше редовни ангажмани во Комитетот за интеграција на Република Македонија во НАТО и во експертската работна група на Комитетот за изработка на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО.

Во текот на 2017 година Дирекцијата редовно учествуваше и во работата на Работната група за надворешна безбедносна и одбранбена политика под раководство на Министерството за надворешни работи, со ангажман во изработката на Глава 31 од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) и учеството во ЕУ обуки во координација на Секретаријатот за европски прашања (СЕП).

Во последниот квартал на 2017 година, претставници на Дирекцијата учествуваа во работата на Работната група за изготвување и следење на имплементацијата на планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеењето на правото во врска со следењето на комуникациите

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ДИРЕКЦИЈАТА

Финансиското работење на Дирекцијата во 2017 година се одвиваше согласно Буџетската програма 10 - Администрација и 20 - Спогодба за размена на класифицирани информации РМ-ЕУ/НАТО.

Во 2017 година на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и беа доделени буџетски средства во висина од 26.740.000,00 денари.

Прикажано во бројки, 20.370.000,00 денари, или 76% од вкупниот буџет беа потрошени за основни плати и придонеси за социјално осигурување за вработените на Дирекцијата. Од нив 17.006.000,00 денари беа наменети за платите и придонесите на вработените во седиштето на Дирекцијата во Скопје, а со преостанатите 3.364.000,00 денари беа покриени трошоците за платите и придонесите на вработените на Дирекцијата упатени на привремена работа во мисиите на Република Македонија при НАТО и при ЕУ во Брисел.

Во делот од буџетот наменет за редовните активности на Дирекцијата во висина од вкупно 6.370.000,00 денари или во проценти 24% од вкупниот буџет, средства предвидени за капитални расходи се 488.000,00 денари. Другите средства за работа на Дирекцијата беа распоредени на следниот начин: 1.900.000,00 денари наменети за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, патни и дневни расходи 830.000,00 денари, 1.952.000,00 денари за договорни услуги, 400.000,00 за материјали и ситен инвентар, 500.000,00 денари за поправки и тековно одржување, 300.000,00 денари за други тековни расходи.

Буџетските средства доделени на Дирекцијата беа искористени за тековна работа и целосна имплементација на безбедносните стандарди во работата со класифицирани информации. Изработена е компаративна анализа на Законот за класифицирани информации, успешно е спроведена Годишната програма за вршење на инспекциски надзор, дадена е стручна и експертска помош на бројни побарувања за примена на Законот од страна на државни органи и приватни компании, остварени се билатерални преговори за склучување безбедносна спогодба на владино ниво во доменот на размената и заемната заштита на класифицирани информации со Луксембург, реализирано е учество во регионалните форуми за соработка на националните безбедносни авторитети (SEENSA и 6S), како и планираните активности со поддршка на инструментот TAIEX.

Исто така, со расположливите средства совладан е приливот на НАТО/ЕУ класифицирани информации, преземени се активности за исполнување на стандардите за физичка безбедност, реализирани се активности за безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи низ коишто се процесираат национални класифицирани информации во неколку институции, и се спроведени процедурите за издавање безбедносни сертификати на физички и правни лица.

Согласно буџетските програми, наменски се потрошија средства за редовните и вонредни обуки на корисниците на класифицирани информации преку организирање на семинари и работилници.

Поради недостаток на финансиски средства не се изврши набавка на специјализирано возило за дистрибуција на класифицирани информации.

Определбата на Владата на Република Македонија за членство во евроатлантските структури беше приоритет за Дирекцијата и во 2017 година. Како дел од оценката за напредокот на Република Македонија за членство во

НАТО влегува и оценката за воспоставување добра меѓусебна соработка меѓу Република Македонија и земјите членки на НАТО. Во таа насока, Канцеларијата за безбедност на НАТО, овластена за инспектирање на работата на Дирекцијата во доменот на заштитата на НАТО класифицираните информации, високо ги оценува сите активности на Дирекцијата како носител на преговорите за билатерална размена и заштита на класифицирани информации во името на Владата на Република Македонија. Во 2017 година овие препораки на Канцеларијата за безбедност на НАТО Дирекцијата ги спроведуваше така што најголемиот дел од средствата беа искористени за патувања на средби како и за пречек на странски делегации.

РЕЗИМЕ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2017 година успешно ги извршуваше своите законски надлежности во својство на авторитет за спроведување и унапредување на безбедносната политика со класифицираните информации на национално и на меѓународно ниво. Со политиката на континуирани обуки, совети, експертска помош, постојана стручна надградба на персоналот, како и редовен и вонреден инспекциски надзор врз спроведувањето на стандардите, нивото на безбедноста во работата со класифицирани информации во Република Македонија во континуитет се зголемува.

в.д. Директор
Стојан Славески